Бр.40-145/17
04.10.2024 година

**ЗАПИСНИК**
**осма седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Седницата на Локалниот совет за волонтерство на општина Битола се одржа **во петок, 4 октомври** во 11:00 ч. во МКЦ-Битола на ул. Цар Самоил 29.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од претходната седница одржана на ден 27.08.2024
2. Апликации за волонтерски акции 2024 година
3. Тековни прашања

**По првата точка**, Записникот од седмата седница од 27.08.2023 година беше усвоен со 5 гласови ЗА.

Во однос на **втората точка**, Претседателот на ЛСВ Златко Талевски презентираше дека Јавниот повик за поддршка на волонтерски акции кој го објави општина Битола (критериуми, апликација и пропратни документи) е завршен и за истиот има доставено вкупно **9 апликации**. Според доставениот прелиминарен извештај од општинската администрација, кај поголемиот дел од апликациите е забележано отсуство на меморандуми за соработка со училиштата.

**За таа цел, Локалниот совет за волонтерство дава препорака апликантите да можат да ги достават дополнителните документи до четврток 10 октомври 2024 година, до 15 часот до општина Битола.**

Претседателот на ЛСВ потсети на одлуката од претходната година член на ЛСВ да не гласа за апликација во која има конфликт на интерес. Сите членови на ЛСВ извршија поединечно оценување на апликациите на претходно подготвена писмена форма.

**ЛСВ едногласно донесе препорака да бидат поддржани сите предложени апликации со максималниот буџет од 30.000 денари по волонтерска акција.**

Апликации кои добија доволен број на бодови беа вкупно девет и тие се:

-
- ЗУР Македонски ракотворби* (вкупно 87 бода)
- Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА- Битола (вкупно 82,5 бода)
- Здружение за психолошка поддршка СЕГА И ОВДЕ Битола (вкупно 93 бода)
- Здружение за едукација и интеграција ЕДУ - АКТИВ ПЛУС* (вкупно 98,75 бода)
- Младински културен центар – Битола (вкупно 100 бода)
- Здружение за едукација и мобилност Лоесје Битола (вкупно 96 бода)
- Здружение за хуманитарни дејности ЛАЈОНС КЛУБ КАБАДАЈА БИТОЛА Битола* (вкупно 97,5 бода)
- ЗПОС Лоотус Ј Њу бигининг Битола (вкупно 85 бода)
- ИМКА* (91 бод)

* Да достави меморандум

Од дискусијата на членовите на ЛСВ произлегоа следните препораки за идните јавни повици за волонтерски акции:

- Подетално да бидат образложени буџетските ставки во предлог буџетите (да има колона за наративно објаснување и забелешки)
- Да се стави горен лимит до 10% од вкупниот предлог буџет за трошоци за видливост и промоција
- Да се стави горен лимит до 30% од вкупниот предлог буџет за трошоци за набавка на опрема

Во однос на **третата точка** Претседателот на ЛСВ Златко Талевски нагласи дека членовите на ЛСВ треба да бидат подостапни за одржување на редовни состаноци. ЛСВ има можност да држи и онлајн седници и дека во наредниот период ќе се искористи и таа можност за полесна и побрза комуникација.

Претседателот на ЛСВ Златко Талевски во согласност со член 6 став 4 од Деловникот за работа на ЛСВ, официјално ќе го извести Советот на општина Битола дека членот на ЛСВ претставник на општина Битола - Анита Ангелевска

неоправдано отсуствувала на три последователни состаноци на ЛСВ и ќе даде предлог за нејзино разрешување.

Претседател на ЛСВ:
Златко Талевски